Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***ликовна уметност*** за I (прва) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

**модуларно дизајнирана**

**за I година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Ликовна уметност |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 2 (два) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | I (прва) година |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1 / 36 |
| **Цели на наставна програма** | Цели на наставната програма по **ликовна уметност** е ученикот:<br>- да развие способност за правилна визуелна перцепција и да знае да разликува ликовни и естетски вредности на ликовните дела и на други визуелни уметности и изразувања;<br>- да совлада основни теоретски знаења и поими од областа на ликовната теорија;<br>- да развива вештини на креативно изразување преку разни ликовни изразувања и користење на традиционални и современи техники; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - да развие креативно мислење и изразување преку реализација на ликовни творби и проекти со примена на стекнато теоретско знаење;<br>- да се запознае со улогата, поврзаноста и интеграцијата на визуелните уметности со сите области од секојдневниот живот; |
| **Модуларни единици на наставна програма** | 1. РАЗВОЈ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ<br>2. ЛИКОВНО ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ<br>3. ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ<br>4. МУЛТИМЕДИЈАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставната програма по **ликовна уметност** неопходно е: кабинет (училница прилагодена за ликовно ателје), соодветно природно и вештачко осветлување, сооодветна водоводна инсталација, соодветни просторни услови за чување на ликовни материјали и ликовни докази, ИКТ опрема, Интернет, ЛЦД проектор, фотоапарат, графичка преса (мал формат), обезбедување на основни ликовни алатки, материјали, средства и соодветна стручна литература (енциклопедии, моографии, списанија итн.) и нагледни средства. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот **ликовна уметност** може да ја изведува лице со завршени студии по ликовна уметност (наставна насока или друга насока со педагошко-психолошка и методска подготовка или со педагошка доквалификација од акредитирана високообразовна установа), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица 1: РАЗВОЈ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ (ориентационо 5 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- разликува поделба на ликовни уметности (ликовни подрачја – изразувања и ликовни дела) од применета уметност (дизајн и архитектура); | **Ликовна култура**<br><br>Поими:<br>-цртање - цртеж<br>-сликарство - слика<br>-графика<br>-вајарство - скулптура<br>-дизајн<br>-архитектура | **Активности:**<br>-Презентирање на примери на ликовни дела од сите подрачја<br>-Презентирање и објаснување на примери за улогата на применета уметност и архитектура<br>-Слушање на соодветни музички фрагменти<br><br>**Методи:**<br>-демонстрација<br>-истражување<br>-презентација<br>-дискусија<br>-групна и индивидуална работа | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1 Дефинира поими: ликовно дело (цртеж, слика, графика, скулптура), архитектура, дизајн<br>1.1.2. Ја препознава функција на применетата уметност<br>1.1.3. Прави разлика меѓу ликовни подрачја, ликовни дела и ликовни изразувања |
| 2 | - препознава и разликува основни карактеристики на периоди, стилови и правци од развојот на ликовната / визуелната уметност; | **Развој на ликовната уметност**<br><br>Поими:<br>-Праисториска уметност<br>-Средновековна уметност<br>-Ренесанса<br>-Барок, Класицизам, Реализам<br>-Модерна уметност (правци од 20 век)<br>-Развој на македонска уметност и | **Активности:**<br>- Анализирање и дискутирање за ликовни дела од различни периоди, стилови и правци<br>- Изработување на истражувања и проекти за одредени периоди, стилови и правци или уметници<br>- Посетување на изложба, галерија, ателје и сл., согласно можностите | 1.2.1. Издвојува главни карактеристики на одредени периоди, стилови и правци<br>1.2.2 Препознава најважни ликовни дела и претставници на одредени периоди, стилови и правци<br>1.2.3. Презентира ликовни |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | позначајни претставници | **Методи:**<br>-презентација<br>-разговор<br>-анализа и синтеза<br>-истражување<br>-групна и индивидуална работа<br>-учење по набљудување<br>- естетска анализа на ликовни дела | дела на познати уметници и ученички творби |

| | Модуларна единица 2: ЛИКОВНО ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ – ОРИЕНТАЦИОНО (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Број | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 2.1 ЦРТАЊЕ (2 часа) | | | | |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- разликува и создава различни видови на цртеж со примена на различни видови на линии, перспектива, светло-темни односи. | -Видови цртеж, цртачки техники и материјали и нивни карактеристики<br>-Ликовни елементи и принципи во цртеж<br><br>**Поими:**<br>-Скица<br>-Кроки<br>-Студија<br>-Колажиран цртеж<br>-Колористички цртеж<br>-Линија, видови на линии<br>-Перспектива и видови прерспектива<br>-Ахроматско тонско степенување (светло-темно) | **Активности:**<br>-Создавање цртеж во техника по избор<br>-Користење различни видови на линии со различен интензитет и карактер<br>-Истражување и презентирање на различни видови перспектива<br>-Експериментирање со различни цртачки постапки<br><br>Методи:<br>-Демонстрација<br>-Набљудување<br>-Дискусија<br>-Индивидуална работа<br>-Истражување<br>-Презентација<br>-Групна и индивидуална работа<br>-Практична работа | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1.1.Набројува видови цртеж<br>2.1.1.2 Применува различни цртачки техники и постапки<br>2.1.1.3 Креира ликовна творба со примена на: видови линии, перспектива и светло-темни односи |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | 2.2 СЛИКАЊЕ (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- употребува основни, секундарни, меѓубои, терциерни бои и нивни тонови; | -Поделба на основни, секундарни, меѓубои, терциерни бои и нивните тонови<br>- 3Д простор и илузија на 3Д простор на 2Д подлога<br><br>**Поими:**<br>- Мешање на бои<br>- Основни бои<br>- Секундарни бои<br>- Меѓубои<br>- Терциерни бои<br>- Хроматско тонско степенување<br>- Простор | **Активности:**<br>-Мешање на бои и добивање на секундарни, меѓубои, трециерни бои и тонови<br>- Прикажување илузија на простор со употреба на различни бои и тонови<br><br>**Методи:**<br>-Демонстрација<br>-Набљудување<br>-Дискусија<br>-Истражување<br>-Индивидуална работа<br>-Практична работа | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.2.1.1.Прави разлика меѓу основни, меѓубои, секундарни и трециерни бои<br>2.2.1.2.Создава илузија на простор со боја и тон |
| 2 | - разликува, користи и експериментира со различни сликарски материјали и техники. | - Основни сознанија за стандардни сликарски материјали и техники<br>- Основни сознанија за нестандардни сликарски постапки и комбинирани техники<br><br>**Поими:**<br>-Сликарски материјали и техники<br>- Сликарска композиција<br>- Стандардни сликарски техники<br>-Нестандардни сликарски постапки<br>-Комбинирани техники | -Препознавање видови на сликарски материјали и техники<br>-Користење, комбинирање и компонирање со различни видови на сликарски материјали и техники<br><br>**Методи:**<br>-Демонстрација<br>-Набљудување<br>-Дискусија<br>-Истражување<br>-Презентација<br>-Групна и индивидуална работа<br>-Учење преку практична работа<br>-Анализа | 2.2.2.1. Препознава видови на сликарски материјали и техники<br>2.2.2.2. Компонира ликовни елементи и создава композиција |

| | 2.3 ГРАФИКА (3 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- разликува висок, длабок, рамен и пропустен печат, уникат и мултиоригинал, дигитална графика. | -Основни сознанија за графиката и видовите графички техники<br>-Основни постапки за припрема и создавање на графичко дело<br>-Процес на создавање на графичко дело од скица до отпечаток (техника по избор)<br><br>**Поими:**<br>-Графички техники (висок, длабок, рамен и пропустен)<br>-Матрица/графичка плоча<br>-Графички отпечаток/лист | **Активности:**<br>-Препознавање основни карактеристики помеѓу посебни графички техники<br>-Создавање скица и матрица за графичка творба со користење алатки и средства за изработување на сопствена графичка творба во техника по избор<br><br>**Методи:**<br>-Демонстрација<br>-Набљудување<br>-Дискусија<br>-Истражување<br>-Презентација<br>-Групна и индивидуална работа<br>-Практична работа | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.2.3.1 Набројува графички техники<br>2.2.3.2 Идентификува што е матрица и графички отпечаток<br>2.2.3.3 Изработува матрица според скица |

| | 2.4 Обликување на просторот - СКУЛПТУРА (2 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- разликува видови скулптура. | -Видови скулптура и карактеристики<br>-Скулпторски техники<br>-Основни сознанија за просторот како средство за обликување и изразување<br><br>**Поими:**<br>-Форма (геометриска и органска)<br>-Рамнотежа<br>-Галериска, минијатурна и монументална скулптура<br>-Релјеф (низок, висок, бас)<br>-Уметничка инсталација<br>-Асамблаж | -Разликување и анализирање видови скулптури и нивни карактеристики<br>-Препознавање и разликување скулпторски материјали и техники<br>-Разликување на уметничка инсталација и интервенција во простор од класична скулптура<br>-Изработување на тродимензионална творба со материјал по избор<br><br>**Методи:**<br>-Демонстрација<br>-Набљудување<br>-Дискусија<br>-Истражување<br>-Групна и индивидуална работа<br>-Практична работа | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.2.4.1 Набројува скулпторски техники<br>2.2.4.2 Разликува инсталанција во постор од класична скулптура<br>2.2.4.3 Изработува дело според идеја или зададена задача |

| | Модуларна единица 3: ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- разликува видови дизајн, односно видови на визуелни комуникации; | -Вовед во визуелни комуникации<br>- Визуелен јазик (елементи, знаци и симболи)<br>-Видови дизајн<br><br>**Поими:**<br>-Применета уметност<br>(графички дизајн,<br>индустриски дизајн, визуелни комуникации)<br>-Визуелен јазик (елементи, знаци, симболи) | **Активности:**<br>-Објаснување на примената на визуелните елементи, знаци и симболи како средство за комуникација<br>-Препознавање и објаснување на различните видови дизајн<br>-Дискутирање за потребата од дизајн и визуелни комуникации во трговијата и претприемништвото (пр. покана на професионално лице во својата област)<br><br>**Методи:**<br>-Дискусија<br>-интеракција<br>-Презентација<br>-Индивидуална и работа во групи<br>-Анализа на примери | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1. Дефинира што е визуелна комуникцација<br>3.1.2. Идентификува видови дизајн<br>3.1.3 Заклучува која е практичната применливост на дизајнот |
| 2 | - ја објаснува примената и карактеристиките на графичкиот дизајн; | -Поим за графички дизајн<br>-Елементи и изразни средства на графичкиот дизајн<br>-Практична примена на продуктите од графичкиот дизајн | **Активности:**<br>-Објаснување на потребата и примената на графичкиот дизајн<br>-Препознавање и набројување на продукти кои се предмет на графичкиот | 3.2.1. Набројува продукти кои се предмет на графичкиот дизајн<br>3.2.2. Објаснува која е улогата и ефектот на |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>-Лого<br>-Флаер<br>-Плакат<br>-Покана за настан<br>-Билборд<br>-Илустрација<br>-Амбалажа | дизајн<br>-Изработување и презентирање на скици и нацрти за графички решенија за определено производство, фирма, компанија и сл.<br>- Посетување на графичко студио и печатница, согласно можностите<br><br>**Методи:**<br>-Дискусија<br>-Интеракција<br>-Демонстрација<br>-Индивидуална работа<br>-Работа во групи<br>-Анализа на примери | графичкиот дизајн<br>3.2.3. Креира идејно решение за графички дизајн |
| 3 | - ја објаснува примената и карактеристиките на индустрискиот дизајн; | -Поим и карактеристики на инсустрискиот дизајн<br><br>**Поими:**<br>- Индустриски дизајн<br>- Дизајн на машини и возила<br>- Дизајн на мебел<br>- Дезен<br>- Дизајн на текстил и облека<br>- Дизајн на орнамент, накит и други модни додатоци | **Активности:**<br>-Препознавање и набројување на примери, односно продукти од индустрискиот дизајн<br>-Дискутирање за потребата од индустрискиот дизајн<br>-Изработување и презентирање на скица и нацрт за идејно решение за одреден индустриски производ, негова амбалажа и функција<br><br>**Методи:**<br>-Дискусија<br>-Интеракција<br>-Презентација | 3.3.1. Набројува продукти кои се предмет на индустрискиот дизајн<br>3.3.2. Објаснува која е улогата и влијанието на индустрискиот дизајн во секојдневниот живот<br>3.3.3. Изработува идејно решение и дизајн за определен идустриски производ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -Индивидуална или работа во групи<br>-Евалуација<br>- Анализа | |
| 4 | - ја објаснува примената и карактеристиките на специфичните, односно уникатните видови дизајн. | -Разлики помеѓу серискиот и уникатниот дизајн<br><br>**Поими:**<br>-Костимографија<br>-Сценографија<br>-Стрип<br>-Графит<br>-Моден дизајн | **Активности:**<br>-Препознавање и набројување на поими коишто се предмет на уникатниот дизајн<br>-Презентирање на скици и нацрти за идејни решенија за уникатен дизајн<br>- Посетување на театар, костимографско ателје и сл., согласно можностите<br><br>**Методи:**<br>-Дискусија<br>-Интеракција<br>-Презентација<br>-Индивидуална или работа во групи<br>-Играње улоги<br>-Анализа | 3.4.1. Објаснува што е уникатен дизајн<br>3.4.2. Креира идејно решение за уникатен дизајн |

| | Модуларна единица 4: МУЛТИМЕДИЈАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ (ориентационо 7 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- препознава основни поими од областа на мултимедијалното изразување; | -Вовед во поимот мултимедијално изразување<br>-Дигитална писменост<br><br>**Поими:**<br>- Дигитална писменост (алатки)<br>- Видео уметност | **Активности:**<br>-Објаснување на потребата и карактеристиките на мултимедијалното изразување преку примери<br>-Објаснување на потребата и карактеристиките на мултимедијалното изразување<br><br>**Методи:**<br>-Дискусија<br>-Интеракција<br>-Демонстрација<br>-Индивидуална и работа во групи<br>-Анализа | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1.1. Набројува алатки за создавање на мултимедијално дело<br>4.1.2. Објаснува што е мултимедијално дело<br>4.1.3. Применува софтвер и апликација за обработка на видео<br>(по избор на ученикот/ученичката) |
| 2. | - создава мултимедијална творба; | **Поими:**<br>- Фотографија<br>-Видео-клип<br>-Анимација<br>-Сценарио<br>-Продукција | **Активности:**<br>-Поттикнување на креативно изразување (со дигитален фотоапарат, персонален компјутер - соодветен програм, таблет, паметен телефон и сл.)<br>-Креирање на фотографија или видео-клип со едноставна софтверска апликација (пр. мобилен телефон)<br>-Креирање творба со комбинирање на | 4.2.1. Модифицира фотографија со алатки од мобилна апликација<br>4.2.2. Компонира /комбинира фотографија и текст<br>4.2.3. Создава мини видео-клип |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | фотографија и текст<br>-Креирање сценарио и снимање на мини видео-клип<br><br>**Методи:**<br>-Интеракција<br>-Демонстрација<br>-Игра на улоги<br>-Индивидуална и работа во групи<br>-Анализа | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците, треба да се прави плански, систематично и континуирано во текот на целата учебна година.<br>Во текот на наставата редовно да се следат и вреднуваат постигањата на учениците, да се води евиденција за нивните реализирани задачи, активности и мотивираноста за време на часовите како и колективната соработка и сл. (формативно оценување).<br>Да се следи развојот на ученикот, неговите совладани вештии, како и креативни решенија добиени преку реализација на зададените задачи како дел од практичната работа, преку индивидуални или групни проекти.<br>Ученикот да применува самовреднување и самооценување на своите постигнувања.<br>За проверка на совладано ниво на теоретското знаење, да се користат следните постапки: проверка преку дискусии, разговори, презентации  и проверка на знаењето преку тестови.<br>Редовно да се оценува совладаното ниво на практично и теоретско знаење по модули, во текот на целата учебна година.<br>Постигањата на учениците да се оценуваат со бројчена оценка (сумативно оценување) за секое тромесечје, најмалку два пати во едно полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.<br>Наставникот континуирано да го информира ученикот за нивото на постигнатите резултати од теоретската и практичната наставата. |

| | |
|---|---|
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | Учебна 2019/2020 година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието (БРО) |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-4390/19<br>11.6.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |